# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје
тел. (02) 3094 200, факс: (02) 3082 937, е-пошта: kontakt@aa.mk


Наш број: 03-713/6 21.11.2014

Ваш број: 09-307/4 од 21.10.2014 Скопје


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 05.12.2014
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
09-307/5
Архивски знак:
Рок на чување:
20 год.
Потпис,


До
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**-ЦВЕТА РИСТОВСКА, ОВЛАСТЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР-**

Предмет: **ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ**

Агенцијата за администрација го разгледа Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност „Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија" на Агенција за администрација за 2013 година и тековната 2014година и на истиот има забелешки презентирани подолу:

1. Во Резимето на страница 2 и во Заклучокот на страница 28, е наведено: *„Делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола"*.

   Во точка 2.1.2. страница 15, е наведено: *„Агенцијата нема изготвено Стратегија за управување со ризици"* и во Препораки точка 2 страница 29, е наведено: *„Донесување на Стратегијата за управување со ризици"*

   Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и подзаконските акти кои произлегуваaат од истиот, **сметаме дека во Агенција за администрација во целост се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола.**

   Ова од причина што во Агенција за администрација во целост се имплементирани петте компоненти на ФУК, со исклучок на спроведување на самопроценки на одделни процеси на системот на ФУК, чување на резервна копија на податоците од ИТ системот на надворешна локација и нејзино редовно тестирање.

   Горенаведените исклучоци овозможуваат подобрување на функционирањето и развојот на ФУК и истите ќе бидат имплементирани во наредниот период во Агенција за администрација.

   **Сметаме дека треба да се земе во предвид горенаведеното при давањето на мислењето во Извештајот**

   Во однос на точка 2.1.2 страница 15 и Препорака точка 2 страница 29, **изготвена е Стратегија за управување со ризик и Регистар на ризици бр.13-1719/1 од 02.09.2014година.**